ПРОГРАМА ЗА **ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА**
PROGRAMI PËR **MBËSHTETJE PARLAMENTARE**
**PARLIAMENT SUPPORT** PROGRAMME

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Анализа на јавно мислење бр. 2/2026

-

# ПОГЛЕД НА СОБРАНИЕ: ПЕРЦЕПЦИИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2026)

**АВТОРИ: АЛЕКСАНДРА ЈОВЕВСКА ЃОРЃЕВИЌ И ЈОАНА ТРЕНЕСКА**



ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

IDSCS

CENTER FOR CHANGE MANAGEMENT

*Оваа публикација е изработена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), проект на Владата на Швајцарија под покровителство на Собранието на Република Северна Македонија. ПСП ја спроведуваат Националниот демократски институт (НДИ), Институтот за демократија „Социетас цивилис“ - Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Искажаните мислења, ставови и содржини не ги отсликуваат ставовите на проектот, донаторот и спроведувачот.*

# СОДРЖИНА

| | | |
|---|---|---|
| I. | МЕТОДОЛОГИЈА | 5 |
| II. | ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ | 5 |
| III. | РЕЗИМЕ | 7 |
| IV. | ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО | 13 |
| V. | КОНТРОЛА И НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО ВРЗ ИЗВРШНАТА ВЛАСТ | 27 |
| VI. | ФУНКЦИИ НА СОБРАНИЕТО | 33 |
| VII. | ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО | 37 |
| VIII. | КОГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО | 49 |
| IX. | СОБРАНИСКА ДЕБАТА | 55 |
| X. | РЕФОРМИ | 61 |
| XI. | СРЕДНА ОЦЕНКА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО | 65 |
| XII. | ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ | 69 |
| XIII. | ДЕМОГРАФСКА ДИСТРИБУЦИЈА НА АНКЕТНИТЕ ИСПИТАНИЦИ | 76 |

ИМПРЕСУМ

**Наслов:** Анализа на јавно мислење бр.2/2026 Поглед на Собрание: Перцепциите на граѓаните за работата на Собранието на Република Северна Македонија (2026)

**Издавач:** Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автори:** Александра Јовевска Ѓорѓевиќ и Јоана Тренеска

**Уредник:** Марко Трошановски

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Печатница:** Ројал Арт

**Место и година на издавање**
Скопје 2026

**Тираж**
30

# I. МЕТОДОЛОГИЈА

Во периодот од 27 февруари до 10 март 2026 година, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје, во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ППП), **спроведе теренска анкета со цел да ја истражи подобро јавната перцепција за работата на Собранието, квалитетот на животот и довербата во институциите на Северна Македонија.** Теренската анкета беше спроведена со примерок од 1 002 испитаници над 18-годишна возраст на целата територија на државата, преку интервјуа „лице в лице“. Прашалникот што беше користен за анкетното истражување е достапен како Анекс I од анализата, додека статистичката грешка е ±3%.

# II. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

Собранието на Република Северна Македонија, согласно со Уставот, е носител на законодавната власт и брои 120 пратеници избрани на непосредни и пропорционални парламентарни избори со мандат од четири години. Актуелниот состав е избран на единаесеттите парламентарни избори, одржани на 8 мај 2024 година, заедно со вториот круг од претседателските избори.

Одржувањето на изборите беше резултат на договор, постигнат на лидерска средба одржана на 4 декември 2023 година, по иницијатива на претседателот на Собранието Талат Џафери. Договорот беше постигнат во услови на силна политичка поларизација предизвикана од предложените уставни измени, поврзани со вклучувањето на бугарскиот народ во Преамбулата и измените на членовите 49 и 78 од Уставот – услов за продолжување на преговорите со Европската Унија. Поддршката за овие измени доаѓаше од тогашното парламентарно мнозинство и албанскиот опозициски блок, додека другите опозициски партии остро се спротивставија и побараа предвремени избори есента во 2023 година.

Изборниот процес во мај 2024 година беше спроведен во мирна и фер атмосфера, без позначајни неправилности. На изборите учествуваа 17 политички субјекти – 11 партии, 5 коалиции и една независна листа, со вкупно 84 кандидатски листи. Најмногу мандати освои коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ – со вкупно 58 пратеници, што претставува пораст од 14 мандати во однос на претходниот состав. Коалицијата „За европска иднина“ предводена од СДСМ освои 18 мандати (намалување од 28), додека коалицијата „Европски фронт“ предводена од ДУИ освои исто така 18 пратенички места (намалување од 3). Здружената албанска опозиција „Вреди (Влен)“ доби 14 пратенички мандати, Левица освои 6 (пораст од 4 мандати), а како нов политички субјект во Собранието влезе и Движењето ЗНАМ – За наша Македонија со 6 пратенички места. Останатите учесници на изборите не обезбедија парламентарно претставување.

Конститутивната седница на новиот состав на Собранието се одржа на 28 мај 2024 година, во согласност со новиот Деловник, усвоен на 20 ноември 2023 година од страна на претходниот парламентарен состав. Овој Деловник е резултат на инклузивен процес на дијалог меѓу власта и опозицијата, спроведен во рамките на т.н. „Жан Моне" процес. Новото парламентарно мнозинство броеше 78 пратеници, составено од коалицијата „Твоја Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ (58), коалицијата „Вреди (Влен)" (14) и Движењето ЗНАМ (6). Опозицијата ја сочинуваат 42 пратеници – коалицијата „За европска иднина" предводена од СДСМ (18), „Европски фронт" предводен од ДУИ (18) и партијата Левица (6).

Во текот на 2025 година дојде до значајни промени во рамките на собраниското мнозинство. По повлекувањето на Алијансата за Албанците предводена од Арбен Таравари од владината коалиција, пет пратеници ја напуштија пратеничката група на коалицијата Вреди (Влен). Како резултат на овие случувања, парламентарното мнозинство се намали од 78 на 73 пратеници. По локалните избори спроведени во октомври 2025 година, тројца пратеници од парламентарното мнозинство ја напуштија својата пратеничка функција откако беа избрани за градоначалници. Нивните места во Собранието беа пополнети со следните кандидати од кандидатските листи, во согласност со законските процедури.

# III. РЕЗИМЕ

Истражувањето, спроведено во 2026 година, покажува дека општата оцена на граѓаните за работата на Собранието бележи благо подобрување во однос на претходните три години. Задоволството од работата на Собранието е оценето со средна оцена од 2,7 (на скала од 1 – најлошо до 5 – најдобро), што претставува продолжување на трендот на постепен раст забележан во изминатите три години, иако оцената и натаму останува под средната вредност.

## ▪ ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Како најзапаметени теми од работата на Собарнието за минатата година се издвојуваат, надзорната расправа во Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи, како и дискусиите одржани на пленарните и комисиските седници за усвојувањето на Буџетот за 2026 година и ребалансот на Буџетот за 2025 година, што упатува дека токму овие теми имале најголема јавна видливост. Граѓаните и натаму најчесто се информираат преку приватните телевизиски станици, но со опаѓачки тренд за сметка на интернетот и социјалните мрежи, особено кај помладите гренерации. Официјалните канали на Собранието, односно Собранискиот ТВ-канал и веб-страницата, сè уште имаат релативно ограничен досег, но бележат стабилна видливост и позитивни оцени кај оние што ги користат. Запознаеноста со новите содржини на Собранискиот ТВ-канал останува ниска, но е подобра отколку во 2024 година, а кај публиката што ги следи овие содржини преовладува позитивна перцепција. Иако веб-страницата на Собранието ја користи мал дел од граѓаните, корисниците генерално се задоволни од нејзината функционалност.

## ▪ КОНТРОЛА И НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО ВРЗ ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Кај граѓаните преовладува перцепцијата дека Владата има поголемо влијание врз Собранието отколку што Собранието има ефективна контрола врз извршната власт. Граѓаните во ограничена мера ги следат пратеничките прашања, но кај граѓаните што ги следат овие седници доминира ставот дека тие имаат значење за надзор над министрите, обезбедување одговорност и информирање на јавноста. Истовремено, препознатливоста на другите надзорни механизми на Собранието е ниска, иако одделни случаи, како надзорната расправа во Постојаната анкетна комисија за трагедијата во Кочани, се запаметени во јавноста. Кај граѓаните што препознаваат конкретен надзорен случај преовладува оцената дека Собранието својата надзорна улога ја исполнило делумно, што упатува на перцепција за постоење надзорна функција, но со ограничена ефикасност.

## ФУНКЦИИ НА СОБРАНИЕТО

Граѓаните како најважни функции на Собранието ги препознаваат донесувањето квалитетни закони, надзорот над Владата и следењето на спроведувањето на законите и политиките. Сепак, нивната перцепција е дека токму овие клучни функции се исполнуваат само со умерен успех. Наспроти тоа, сметаат дека Собранието најмногу ја исполнува функцијата на носење што е можно повеќе закони и законски измени, иако токму неа ја оценуваат како најмалку важна. Ова упатува на јаз меѓу очекувањата на граѓаните и нивната перцепција за тоа како Собранието во пракса ги извршува своите основни функции.

## ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Перцепциите на граѓаните за јавноста за работата на Собранието упатуваат на ограничена отвореност, ниско ниво на директна комуникација со пратениците и недоволна информираност за постојните механизми за учество. Мнозинството граѓани сметаат дека Собранието не е доволно отворено за јавноста, а голем дел не знаат кој е нивниот пратеник, никогаш не контактирале пратеник и не се запознаени со пратеничките канцеларии или со Парламентарниот караван. Истовремено, кај оние што оствариле контакт или ја посетиле локалната канцеларија, преовладува позитивно искуство, што покажува дека постојните механизми имаат потенцијал, но недоволна видливост и искористеност. Граѓаните јасно изразуваат очекување за подиректна, подостапна и поактивна комуникација со пратениците, особено преку средби на јавни локации и јавни настапи, што укажува на потреба од посилно приближување на Собранието кон граѓаните.

## КОГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО

Постојана е перцепцијата дека пратениците главно ги застапуваат своите лични интереси и интересите на партиските кругови, додека интересите на граѓаните остануваат на маргините. Пратениците се доживуваат како недоволно активни во застапувањето на локални или лични прашања од интерес за граѓаните. Бизнис-заедницата често се спомнува како група чии интереси се застапени, но перцепциите за тоа колку ефикасно Собранието ги зема предвид потребите на приватниот сектор најчесто остануваат умерени.

## СОБРАНИСКА ДЕБАТА

Граѓаните перципираат дека во собраниските дебати преовладува конфронтација наместо соработка меѓу власта и опозицијата. Мал е процентот на испитаници кои сметаат дека аргументите на спротивниот табор се земаат предвид, а дополнително е присутна и перцепција дека подготвеноста за компромис меѓу партиите е ограничена, особено кај етничките Македонци. Воедно, кај граѓаните и натаму преовладува впечатокот дека пратениците често користат омаловажувачки и деградирачки говор во собраниските расправи.

## РЕФОРМИ

Граѓаните во значителна мера ја поддржуваат идејата за формирање повеќепартиски групи во Собранието, особено за прашања поврзани со младите, антикорупцијата, невработените, лицата со попреченост и самохраните родители. Забележлив интерес постои и за теми како заштитата на животната средина, социјалната помош и поддршката на жените, што упатува на очекување ваквите иницијативи да се насочат кон прашања од поширок јавен и социјален интерес.

## ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Иако кај граѓаните се забележува благо подобрување во перцепцијата за насоката во која се движи државата, недоволното задоволство и натаму преовладува, а довербата во институциите останува умерена. Граѓаните кои имаат ниска доверба во Собранието најчесто се поврзува со перцепции за недоволна професионалност, нечесност, корупција и недоволна насоченост кон јавниот интерес, додека очекувањата на граѓаните и понатаму се насочени кон поголема отчетност, чесност, транспарентност и работа во интерес на граѓаните. Воедно, граѓаните ја перципираат опозицијата како релативно слаба, улогата на Собранието во евроинтеграциите како недоволно јасна, а неговата способност да одговори на предизвици поврзани со националната безбедност како претежно умерена, но со изразена доза на резервираност.

# IV.

# ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

# IV. ИНФОРМИРАНОСТ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

На прашањето, „По што ќе ја паметите 2025 година во Собранието?", граѓаните убедливо ја издвоија надзорна расправа во постојаната анкетна комисија за заштита на човековите слободи и права во однос на трагедијата во Кочани, посочена од 31% од испитаниците. Фактот што токму оваа надзорна расправа е убедливо најчесто споменувана покажува дека граѓаните ја следеле работата на Собранието во однос на ова прашање и ја препознале како еден од неговите највидливи моменти во 2025 година. Потоа следуваат расправата за Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2026 година, спомената од 25% од испитаниците; јавната расправа на тема „Заштита на децата и младите од штетните влијанија и последиците од пушењето", наведена од страна на 15% од граѓаните; интерпелацијата на Панче Тошковски од 14%; расправата во однос на извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија од 13%; додека Предлог за изменување и дополнување на Буџетот за 2025 година и Предлог-законот за Судски совет, беа споменати од по 12% од испитаниците (Графикон 1). Овие одговори укажуваат дека јавноста од работата на овој пратенички состав, најмногу памети теми што се директно поврзани со работата на власта и финансиите, односно процесите за барање одговорност од извршната власт и донесувањето на буџетот, кои се клучни елементи во функционирањето на демократскиот систем.

Графикон 1. По што ќе ја паметите 2025 година во Собранието? (%)



Граѓаните што дадоа конкретен одговор, беа дополнително прашани во однос на нивната перцепција за тоа колку се задоволни од тоа како Собранието ја исполни својата функција во тој конкретен случај. Овде може да се забележи дека перцепцијата се разликува зависно од темата, но кај дел од највидливите случаи преовладува умерено или ниско задоволство. Најизразено незадоволство се забележува кај надзорната расправа во Постојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи во однос на трагедијата во Кочани, каде што 42% од испитаниците деле оцена 1, што упатува на критичка перцепција за постапувањето на Собранието во овој случај. Од друга страна, највисоко задоволство е изразено кај предлогот на Закон за издавање вредносни ваучери, каде што најголем дел од испитаниците деле високи оцени. Кај останатите случаи, како што се расправата за Предлог-буџетот за 2026 година, јавната расправа за заштита на децата и младите од штетните влијанија од пушењето и расправата по Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија, најчесто е застапена средната оцена, што укажува на повоздржана и умерена оцена на граѓаните за работата на Собранието (Графикон 1.1).

Графикон 1.1 (Граѓаните што одговориле со конкретен случај на претходното прашање) На скала од 1 – воопшто не сум задоволен до 5 – многу сум задоволен, колку сте задоволни од тоа како Собранието ја исполни својата функција во конкретниот случај. (%)



Испитаниците беа прашани и за нивното генерално задоволство од работата на Собранието во претходната година. На скала од 1 до 5, каде што 1 значи дека воопшто не се задоволни, а 5 дека се многу задоволни, граѓаните работата на Собранието ја оценија со средна оцена од 2.7. Во споредба со претходните мерења, ова претставува благо подобрување на перцепцијата, имајќи предвид дека во анкетата спроведена во претходната година средната оцена изнесуваше 2.5, додека во 2024 година таа беше 2.3. Сепак, и покрај овој постепен раст, оцената за работата на Собранието и натаму останува под средната вредност на скалата, што укажува дека генералното задоволство кај граѓаните сè уште е релативно ниско (Графикон 2).

Графикон 2. Средна оценка од задоволството на граѓаните од работата на Собранието, на скала од 1 значи дека воопшто не сте задоволни, а 5 дека сте многу задоволни




Доколку подетално се разгледаат перцепциите на испитаниците за работата на Собранието во последните три години, може да се забележи постепено поместување кон поумерени и попозитивни оцени. Процентот на граѓани кои се „воопшто незадоволни“ опаѓа од 34% во 2024 година, на 25% во 2025 и 18% во 2026 година. Истовремено, уделот на оние што дале повисоки оцени, односно 4 и 5, расте од вкупно 15% во 2024 година, на 20% во 2025 и 23% во 2026 година. Сепак, и покрај ова придвижување, најголем дел од испитаниците и натаму се сконцентрирани околу средната оцена 3, што упатува на умерена, а не изразено позитивна перцепција за работата на Собранието. (Графикон 2.1).

**ОЦЕНКАТА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО ЈУНИ - ДЕКЕМВРИ 2026 ГОДИНА, НА СКАЛА ОД 1 ДО 5**



Графикон 2.1 На скала од 1 до 5 (каде што 1 значи дека воопшто не сте задоволни, а 5 дека сте многу задоволни), колку сте задоволни со работата на Собранието во изминатата година? (%)




Во однос на изворите од кои граѓаните најчесто се информираат за работата на Собранието, и во 2026 година најзастапени остануваат приватните телевизиски станици, иако нивното учество е намалено во споредба со претходната година – од 34% во 2025 на 25% во 2026 година. Истовремено, се забележува пораст кај информирањето преку интернет и социјалните мрежи, кои се искачуваат од 18% на 22%, додека интернет-порталите за вести остануваат на исто ниво од 17%. Кога станува збор за официјалните извори за информирање на Собранието – Собранискиот ТВ-канал и веб-страницата на Собранието, иако нивната застапеност останува релативно ниска, сепак се забележува стабилност во искористувањето на овие механизми и благо придвижување. Собранискиот ТВ-канал како главен извор на информации го посочиле 6% од граѓаните во 2026 година, што претставува стабилност на публиката во однос на 2025 година кога бил посочен од 5% од граѓаните. Слично, и веб-страницата на Собранието, од 1% во 2025 на 2% во 2026 година. Иако овие канали сè уште не се меѓу доминантните извори на информирање, податоците упатуваат на стабилна видливост со потенцијал за понатамошно јакнење како директни извори на информации за работата на Собранието. Овие наоди упатуваат на тоа дека, и натаму, доминантна улога во информирањето за работата на Собранието имаат медиумите со поширок досег, додека официјалните собраниски канали сè уште имаат поскромна, но важна улога. Нивната вредност особено се состои во тоа што обезбедуваат директни и нефилтрирани информации за парламентарната работа, што е значајно од аспект на транспарентноста и непосредниот увид во институционалните процеси. Во тој контекст, иако нивната користеност останува ограничена, задржувањето на стабилна видливост и благо зголемување кај дел од овие канали претставува позитивна основа за нивно натамошно јакнење и за постепено градење поголема доверба и интерес кај јавноста. Воедно, благо намалување се забележува и кај уделот на граѓани кои не сакаат да добиваат информации за работата на Собранието, од 14% на 12%, што може да се толкува како позитивен сигнал за умерено зголемување на интересот за парламентарните случувања (Графикон 3).

Графикон 3. Доколку сакате да добиете информации за работата на Собранието, кој извор на информации најмногу го користите? (%)




Податоците покажуваат јасни разлики во изворите за информирање за работата на Собранието во зависност од возраста на граѓаните. Кај најмладите испитаници, на возраст од 18 до 29 години, најзастапени извори се интернетот и социјалните мрежи, кои ги користат 35% од испитаниците, како и интернет-порталите за вести со 20%, додека приватните телевизиски станици ги посочиле само 9%. Со зголемување на возраста, улогата на телевизијата значително расте, па кај граѓаните на возраст од 60 и повеќе години приватните телевизиски станици се убедливо доминантен извор за информирање, посочени од 47% од испитаниците. Во оваа возрасна група е повисока и застапеноста на јавниот сервис што го користат 12% од граѓаните. Од друга страна, дигиталните извори се најмногу присутни кај помладите и граѓаните од средната возраст, а нивната употреба постепено опаѓа кај постарите возрасни групи. Собранискиот ТВ-канал бележи нешто поголема застапеност кај повозрасните групи, особено кај испитаниците над 50 години, што може да упатува на поголема подготвеност кај оваа публика да следи директни парламентарни содржини. Интересно е и тоа што незаинтересираноста за информации за Собранието е најизразена кај најмладите, каде што 21% од испитаниците изјавиле дека не сакаат да добиваат информации или дека темата не ги интересира, додека овој процент е најнизок кај највозрасните испитаници (7%). (Графикон 3.1).

Графикон 3.1 Извори за информирање за работата на Собранието според возрасни групи (%)




Од јануари 2024 година, Собранискиот ТВ-канал емитува збогатена содржина со нова програма и емисии кои се реализираат во собранискoто ТВ-студио. Во таа насока, граѓаните беа прашани дали се запознаени со новата програма, содржини и емисии што се емитуваат на Собранискиот ТВ-канал, покрај преносите на седници. Наодите покажуваат дека запознаеноста е на исто ниво со минатата 2025 година и е релативно ниска, но во споредба со 2024 година, сепак се забележува извесно подобрување. Додека во 2024 година 68% од испитаниците изјавиле дека воопшто не се запознаени со овие содржини, во 2025 и 2026 година тој процент изнесува 61%. Истовремено, уделот на оние што се целосно или делумно запознаени е нешто повисок отколку во 2024 година, што упатува на постепено зголемување на видливоста на оваа програмска понуда. Сепак, имајќи предвид дека мнозинството граѓани и натаму не се запознаени со овие содржини, останува простор за нивна дополнителна промоција и доближување до пошироката јавност (Графикон 4).

Графикон 4. Дали сте запознаени со новата програма, содржини и емисии кои се емитуваа на Собранискиот ТВ канал од Јануари 2024, покрај преносот на седници? (%)




Граѓаните кои изјавиле дека се целосно или делумно запознаени со новите содржини на Собранискиот ТВ-канал, беа прашани и дали се задоволни од содржината што ја нуди овој канал. Наодите покажуваат дека и во 2026 година преовладува позитивна перцепција, при што најголем дел од испитаниците се изјасниле дека се донекаде задоволни од содржината. Истовремено, се забележува раст кај уделот на граѓани кои се многу задоволни – од 6% во 2024 година, 8% во 2025 година на 12% во 2026 година, што упатува на зајакнување на позитивните оцени кај публиката што ги следи овие содржини. Воедно, процентот на незадоволни е понизок во споредба со 2024 година, кога изнесувал 16%, што дополнително укажува на поповолна перцепција за програмската понуда на Собранискиот ТВ-канал кај оние граѓани кои се запознаени со неа (Графикон 5).

Графикон 5. (Граѓаните кои се целосно или делумно запознаени со новите содржини кои се емитуваат на Собранискиот ТВ-канал беа прашани) Дали сте задовол ни од содржината што ја нуди Собранискиот ТВ-канал? (%)




Доколку гледаноста на содржините на Собранискиот ТВ-канал се разгледува според возрасни групи, генерално најчесто следена содржина се вестите, при што интересот за нив е особено изразен кај повозрасните испитаници, особено кај оние на возраст од 50 години и повеќе. Интервјуата, пак, бележат позначајна гледаност кај дел од помладите и испитаниците на возраст од 30 до 39 години. Собраниската ризница има порамномерна, но поумерена застапеност меѓу различните возрасни категории, додека законодавниот брифинг останува помалку следена содржина кај сите групи (Графикон 6). Ваквите одговори упатуваат на разлики во интересите и навиките за следење на програмските содржини на Собранискиот ТВ-канал во зависност од возраста.

Графикон 6. (Граѓаните кои на се целосно или делумно запознаени со новите содржини кои се емитуваат на Собранискиот ТВ канал беа прашани) Која од новите содржини на Собранискиот канал најчесто ја следите? (%)




Во однос на содржините што граѓаните би сакале да ги гледаат на Собранискиот канал, најголем интерес има за стручни толкувања на усвоени закони и законски измени, кои ги посочиле речиси една третина од испитаниците (30%). Потоа следат едукативни содржини за законодавниот процес и работата на Собранието и политички дебати за теми од собраниската работа, со по 22%, како и теренски посети на собраниските комисии со 19%. Забележлив интерес има и за промотивни содржини за можностите за вклучување на граѓаните во работата на Собранието и контактни емисии, кои ги издвоиле по 18% од испитаниците. Овие одговори упатуваат на тоа дека граѓаните имаат најголем интерес за содржини што ќе им помогнат подобро да ја разберат парламентарната работа, законодавниот процес и можностите за нивно непосредно информирање и вклучување. (Графикон 7).

Графикон 7. Какви содржини би сакале вие да гледате на Собранискиот канал? (%)



Доколку изборите за содржините што граѓаните би сакале да ги гледаат на Собранискиот канал се разгледуваат според возрасни групи, може да се забележи дека стручните толкувања на усвоените закони и законските измени се најбарана содржина кај речиси сите возрасни категории, особено кај испитаниците на возраст од 30 години и повеќе. Едукативните содржини за законодавниот процес и работата на Собранието, исто така, се високо рангирани кај сите групи, со нешто поголем интерес кај помладите и лицата на возраст од 30 до 39 години. Политичките дебати за теми од собраниската работа бележат релативно рамномерна застапеност, но се особено привлечни за највозрасната група испитаници. Теренските посети на собраниските комисии имаат најголем интерес кај граѓаните на возраст од 50 до 59 години, додека промотивните содржини за можностите за вклучување на граѓаните во работата на Собранието се најинтересни за испитаниците на возраст од 40 до 59 години. Ваквите одговори упатуваат на тоа дека, и покрај одредени разлики по возраст, граѓаните во сите возрасни групи покажуваат интерес за содржини што нудат објаснување, контекст и поголема разбирливост на парламентарната работа (Графикон 7.1)..

Графикон 7.1 Какви содржини би сакале вие да гледате на Собранискиот канал: Петте најпопуларни содржини според возрасни групи (%)




Во однос на користењето на веб-страницата на Собранието за добивање информации, во 2026 година не се забележуваат позначајни промени во однос на претходниот период. Имено, 11% од граѓаните изјавиле дека некогаш ја користеле веб-страницата на Собранието, додека 89% одговориле дека никогаш не ја користеле. Во споредба со 2024 и 2025 година, кога овој процент изнесувал 10%, може да се забележи релативна стабилност на големината на публиката во користењето на овој официјален канал. Ова упатува на тоа дека веб-страницата на Собранието и натаму има ограничен досег кај пошироката јавност, но и дека постои простор за нејзино понатамошно унапредување и поголема промоција како релевантен извор на информации за парламентарната работа (Графикон 8).

Графикон 8. Дали некогаш сте ја користеле официјалната веб-страница на Собранието за добивање информации? (%)




Од граѓаните што ја користеле веб-страницата на Собранието, најголем дел и во 2026 година изјавиле дека се донекаде задоволни од нејзината корисност и функционалност, при што овој удел изнесува 74%. Воедно, се забележува и понатамошно зголемување на процентот на оние кои се многу задоволни – од 12% во 2024 година, на 16% во 2025 и 19% во 2026 година. Истовремено, уделот на незадоволните е најнизок во споредба со претходните две години и изнесува 7%. Овие наоди упатуваат на претежно позитивно корисничко искуство кај граѓаните што ја посетиле веб-страницата, како и на постепено подобрување на перцепцијата за нејзината корисност и функционалност (Графикон 9).

Графикон 9. Доколку некогаш сте ја користеле официјалната веб страница на Собрание то, колку сте задоволни од нејзината корисноста и функционалноста? (%)



Во однос на содржините поради кои граѓаните најчесто ја посетуваат или би ја посетувале веб-страницата на Собранието, најголем интерес има за можноста за поставување прашања до пратениците, што ја посочиле 21% од испитаниците. Потоа следат јавните расправи со 19%, како и можностите за комуникација со пратеници и говорите на пратеници, со по 18%. Забележлив интерес постои и за едукативни содржини за улогата и работата на Собранието, како и за информации за гласањата на пратениците по одредени точки, кои ги издвоиле по 14% од испитаниците. Овие одговори укажуваат дека граѓаните имаат најголем интерес за содржини што овозможуваат поголема интеракција, увид во работата на пратениците и подобро разбирање на парламентарните процеси (Графикон 10).

Графикон 10. За каква содржина вие најчесто ја посетувате или би ја посетувале веб страницата на Собранието? (%)



# V.

# КОНТРОЛА И НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО ВРЗ ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

# V. КОНТРОЛА И НАДЗОР НА СОБРАНИЕТО ВРЗ ИЗВРШНАТА ВЛАСТ

Перцепцијата на граѓаните е дека Владата има поголема контрола врз Собранието отколку што Собранието ја контролира Владата, според својата уставна надлежност. На скала од 1, што значи дека Владата има целосна контрола врз Собранието, до 7, што значи дека Собранието има целосна контрола врз Владата, најголем дел од испитаниците се позиционираат кон пониските вредности на скалата. Така, 21% сметаат дека Владата има целосна контрола врз Собранието, а дополнителни 11% се определиле за оцената 2. Наспроти тоа, само 3% од испитаниците сметаат дека Собранието има целосна контрола врз Владата, а 4% ја избрале оцената 6. Најчесто избран одговор е оцената 4, која ја посочиле 30% од граѓаните, што упатува на тоа дека значителен дел од граѓаните не перципираат јасна доминација на една од двете институции, иако распределбата на одговорите и натаму е повеќе наклонета кон перцепција дека Владата има поголемо влијание.  Во споредба со претходните две години, не се забележуваат поголеми промени во ставовите на граѓаните, што упатува на релативно стабилна перцепција дека Собранието сè уште не се доживува како институција што има посилна контрола врз извршната власт (Графикон 11).

Графикон 11. Колкав степен на контрола има Собранието над Владата, односно Владата над Собранието? (%)



Во однос на пратеничките прашања, што претставуваат еден од инструментите за контрола на Собранието врз работата на министерствата и генерално на извршната власт, 7% од граѓаните изјавиле дека често ги следат, додека 36% рекле дека тоа го прават ретко. Сепак, повеќе од половина, односно 57%, изјавиле дека никогаш не ги следат седниците за пратенички прашања. Во споредба со 2025 година, се забележува мало зголемување кај оние кои често ги следат овие седници, но и натаму преовладува ниско ниво на редовно следење (Графикон 12).

Графикон 12. Дали ги следите седниците за пратенички прашања во Собранието? (%)




Граѓаните што ги следат често или ретко седниците на пратеничките прашања, беа дополнително прашани за нивната перцепција за функционалноста на оваа алатка за надзор на извршната власт. Најголем дел од нив, целосно или делумно, се согласуваат дека пратеничките прашања овозможуваат надзор врз работата на министрите (68%), имаат влијание врз обезбедување одговорност на институциите (64%) и ги информираат граѓаните за работата на Владата и другите институции (63%). Исто така, мнозинство од испитаниците сметаат дека пратеничките прашања се користат и за да се критикуваат Владата и другите институции (59%). Единствено кај тврдењето дека пратеничките прашања се користат за рекламирање на Владата и другите институции, ставовите се поделени, при што еднаков удел од испитаниците делумно се согласуваат и делумно не се согласуваат (по 29%). Овие наоди упатуваат на тоа дека граѓаните кои ги следат пратеничките прашања првенствено ги препознаваат како механизам за надзор, отчетност и информирање, а помалку еднозначно како средство за промоција (Графикон 13).

Графикон 13. (За граѓаните кои одговориле дека често или ретко следат пратенички прашања) До кој степен се согласувате со секоја од прочитаните изјави поврзани со пратеничките прашања, како алатка за надзор на извршната власт. (%)




Имајќи ги предвид и другите механизми што му стојат на располагање на Собранието за надзор над извршната власт, испитаниците беа прашани и дали се сеќаваат на некој друг надзор што во текот на минатата година Собранието го презело за контрола над Владата и другите институции. Најголем дел од граѓаните, односно 91%, одговориле дека не се сеќаваат на таков случај. Мал дел од испитаниците, пак, посочиле конкретни примери, при што најчесто биле спомнати расправата за трагедијата во Кочани (3%), интерпелацијата на Љупчо Коцевски (2%) и интерпелацијата на Панче Тошковски (2%), додека 5% навеле друг вид надзор (Графикон 14). Со оглед на тоа што интерпелацијата на Љупчо Коцевски беше најавена и присутна во јавниот и медиумскиот простор, иако постапката не беше реализирана до крај, таа сепак останала запаметена кај дел од граѓаните како обид за парламентарен надзор. Ова укажува на фактот дека перцепциите на граѓаните за парламентарниот надзор се обликуваат и од јавната и во медиумската видливост на одредени иницијативи, а не само преку формално спроведени постапки и институционалниот исход. Овие наоди упатуваат на тоа дека, и покрај присуството на одделни препознатливи случаи, другите надзорни механизми на Собранието имаат ограничена препознатливост во јавноста, што може да значи дека граѓаните или не се доволно информирани за нив, или не ги препознаваат конкретните расправи и постапки како составен дел од надзорната функција на Собранието. Ова е особено видливо ако се има предвид дека претходно дури 31% од испитаниците ја посочија надзорната расправа во По-

стојаната анкетна комисија за заштита на човековите права и слободи, поврзана со трагедијата во Кочани, како настан по кој ќе ја паметат 2025 година во Собранието, додека овде само мал дел од нив спонтано ја наведуваат како пример за надзорен механизам. Тоа упатува дека одредени случаи остануваат запаметени во јавноста, но не секогаш и јасно препознаени како дел од надзорната функција на Собранието.

Графикон 14. Освен пратеничките прашања, дали се сеќавате на некој друг надзор кој во минатата година Собранието го презел за контрола над Владата и институциите. (%)




Од граѓаните кои навеле конкретен случај за надзор од страна на Собранието, 22% сметаат дека Собранието целосно ја исполнило својата надзорна улога, додека половина од испитаниците, односно 47%, веруваат дека тоа е направено до одреден степен. Од друга страна, 32% се со став дека Собранието не ја исполнило својата улога за контрола врз Владата и институциите. Овие наоди упатуваат на тоа дека кај граѓаните кои препознаваат конкретни надзорни случаи преовладува перцепција дека Собранието имало одредена, но не секогаш и целосно ефикасна надзорна улога (Графикон 15).

Графикон 15. (Граѓаните кои навеле конкретен случај за надзор кој Собранието го презел над извршната власт) Дали мислите дека Собранието ја исполни својата надзорна улога за контрола на Владата и институциите во случајот.



# VI.

## ФУНКЦИИ НА СОБРАНИЕТО

# VI. ФУНКЦИИ НА СОБРАНИЕТО

Повеќе од половина (57%) од граѓаните сметаат дека пратениците умерено или многу влијаат врз квалитетот на законите. Од друга страна, процентот на испитаници што сметаат дека пратениците умерено или воопшто не влијаат врз квалитетот на законите е 35%. Ваквата перцепција на граѓаните, во однос на тоа колку пратениците имаат придонес во прилагодување и измена на предлог-нормативните решенија кои се поднесуваат од страна на Владата, останува на релативно константно ниво споредено со минатите години (Графикон 16).

Графикон 16. Во колкава мерка пратениците влијаат на квалитетот на законите во нашата земја? (%)




На скала од 1 до 10 (каде што 1 значи воопшто не е важна, а 10 значи многу е важна), испитаниците ја оценија важноста на одделните функции на Собранието според нивната перцепција. Од испитаниците исто така беше побарано, на скала од 1 до 10 да определат во која мера сметаат дека пратениците ги исполнуваат тие функции. Оттука, како најважни функции на Собранието, со оцена 8.9 се оценети функциите за донесување што поквалитетни закони во интерес и според потребите на граѓаните, да врши контрола врз Владата и министерствата и да се грижи како се спроведуваат законите и политиките (8.7). Сепак, иако испитаниците ги сметаат овие функции за најважни, нивната перцепција е дека пратениците ги исполнуваат со умерен успех, функцијата на надзор над Владата и спроведувањето на законите доби просечна оцена 4.7, а донесувањето поквалитетни закони доби оцена 5.

Граѓаните, како најмалку важна функција на Собранието, го оценија носењето на што е можно повеќе закони и законски измени со средна оцена 8.3. Испитаниците сметаат дека иако според нив тоа е најмалку важно споредено со другите наведени функции на Собранието, пратениците токму тоа најмногу го извршувале - што е оценето со 5.6, односно највисока средна оцена во однос на тоа во која мера Собранието ги исполнува основните функции (Графикон 17).

Графикон 17. Средна оценка на скала од 1-10 за важност на функциите на Собранието и во која мера пратениците ги извршуваат



# VII.

# ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

# VII. ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Во поглед на отвореноста на Собранието кон јавноста, половина од испитаниците (57%) сметаат дека Собранието е целосно или делумно затворено за јавноста што претставува зголемување за шест процентни поени споредено со 2025 година (51%). Од друга страна, помалку од една третина (29%) од испитаниците сметаат дека Собранието е целосно или делумно отворено за учество на јавноста, што претставува намалување од 5 проценти споредено со 2025 година. Во целина, резултатите упатуваат на понеповолна перцепција за отвореноста на Собранието во споредба со минатата година, при што кај поголем дел од граѓаните преовладува впечатокот дека институцијата сè уште не е доволно отворена кон јавноста. (Графикон 18).

Графикон 18. Во која мерка сметате дека Собранието е отворено за учество на јавноста во неговата работа? (%)




На испитаниците им беа прочитани имињата на пратениците и пратеничките избрани од нивната изборна единица, по што беа прашани дали знаат кој е нивниот избран претставник во Собранието. Наодите покажуваат дека и во 2026 година кај мнозинството граѓани оваа информација останува недоволно препознаена: 61% од испитаниците одговориле дека не знаат кој е пратеникот или пратеничката од нивната изборна единица, додека 32% одговориле потврдно. Во споредба со претходните две години, не се забележуваат значајни промени, што упатува на релативно стабилно, но и натаму ниско ниво на препознатливост на избраните претставници меѓу граѓаните. Овие податоци укажуваат на потреба од поголема видливост и поактивна комуникација на пратениците со граѓаните во изборните единици (Графикон 19).

Графикон 19. Дали знаете кој е пратеник/пратеничка од вашата изборна единица (%)




Наодите покажуваат дека 87% од граѓаните никогаш не контактирале пратеник за одредено прашање. Од испитаниците, 13% изјавиле дека контактирале пратеник, од кои 9% се задоволни од одговорот, односно од преземената постапка на пратеникот, додека 4% не се задоволни. Во споредба со 2025 и 2024 година, вкупниот број граѓани кои контактирале пратеник останува непроменет (13%), што укажува на континуирано ниско ниво на директна комуникација меѓу граѓаните и нивните избрани претставници (Графикон 20).

Графикон 20. Дали некогаш сте контактирале пратеник од вашата изборна единица / вашата општина за одредено прашање (лично, преку е-маил, преку социјални медиуми итн.)? (%)




Меѓу испитаниците кои изјавиле дека контактирале пратеник, најчесто користен начин на комуникација е состанокот во живо, кој го посочиле 47% од нив. Потоа следат социјалните медиуми со 23% и комуникацијата по телефон со 16%, додека е-поштата и онлајн состаноците се значително помалку застапени, со 7% и 5%. Најмалку користен канал е веб-платформата kancelarii.sobranie.mk, која ја посочиле само 2% од испитаниците. Овие наоди упатуваат на тоа дека непосредната, лична комуникација и натаму има најголемо значење во односот меѓу граѓаните и пратениците, додека дигиталните и институционализираните канали сè уште се користат во многу помала мера (Графикон 21).

Графикон 21. На кој начин го контактиравте пратеникот? (%)




Перцепцијата на испитаниците за достапноста на пратениците за средби со граѓаните останува релативно ниска и во 2026 година. Имено, 21% од испитаниците сметаат дека пратеникот или пратеничката од нивниот регион е достапен/достапна за средби, што претставува благо намалување во однос на 2025 година, кога овој удел изнесувал 25%. Во исто време, 35% сметаат дека пратениците не се достапни, што е речиси на исто ниво како и претходната година. Најголем удел, сепак, имаат граѓаните кои не знаат или немаат оформен став за ова прашање, а нивниот процент во 2026 година изнесува 44%. Овие наоди упатуваат на тоа дека, покрај релативно ограничената перцепирана достапност на пратениците, значителен дел од граѓаните и натаму немаат доволно информации или директно искуство за да можат да ја оценат нивната отвореност за средби (Графикон 22).

Графикон 22. Дали сметате дека пратеникот/чката од вашиот регион (општина, изборна единица) е достапен/а за средби со граѓаните? (%)



Во 2026 година, 73% од испитаниците изјавиле дека не се запознаени со пратеничките канцеларии, што е речиси на исто ниво како и во 2025 година. Истовремено, 20% одговориле дека се запознаени со канцеларијата, но не ја посетиле, додека само 5% изјавиле дека ја посетиле. Во споредба со претходните години, не се забележуваат поголеми промени, што упатува на ограничена видливост и ниско користење на овој механизам за контакт меѓу граѓаните и пратениците. Сепак, податокот дека околу една четвртина од граѓаните се барем запознаени или имале директен контакт преку канцелариите покажува дека постои основа за нивно понатамошно јакнење и поголема промоција на локално ниво (Графикон 23).

Графикон 23. Дали сте запознаени со пратеничките канцеларии во вашиот регион/општина и дали сте ги посетиле пратеничките канцеларии досега? (%)




Повеќе од половина од испитаниците кои во претходното прашање изјавиле дека ја посетиле пратеничката канцеларија, навеле дека тоа го сториле со цел да постават пратеничко прашање (53%), повеќе од една третина (36%) ја посетиле за да покренат граѓанска иницијатива, додека 5% кажале дека тоа го направиле од „лични потреби“ (Графикон 24). Овие наоди претставуваат значајна промена во однос на минатата година, при што се забележува изразено зголемување на интересот за поставување пратенички прашања, додека иницирањето граѓански иницијативи се позиционира како второстепен мотив за посета. Овој тренд може да имплицира дека граѓаните сè повеќе ја користат пратеничката канцеларија како механизам за барање одговори и отчетност од пратениците за конкретни прашања или тековни случувања, наместо како простор за проактивно предлагање иницијативи. Воедно, ваквиот тренд може да укажува и на намалена доверба или информираност за ефективноста на граѓанските иницијативи.

Графикон 24. (За граѓаните кои изјавиле дека ја имаат посетено канцеларијата) Која беше целта на вашата посета? (%)




Кај граѓаните што изјавиле дека ја посетиле локалната канцеларија за контакт со пратениците, и во 2026 година преовладува позитивна перцепција за добиениот одговор. Најголем дел од нив, односно 58%, изјавиле дека се многу задоволни, што претставува највисок удел во споредба со претходните две години. Дополнителни 40% одговориле дека се делумно задоволни, додека само 2% изразиле незадоволство. Овие резултати укажуваат дека, иако посетеноста на канцелариите останува ниска, искуството на граѓаните што ги користеле е претежно позитивно и во 2026 година бележи дополнително подобрување (Графикон 25).

Графикон 25. (За граѓаните кои изјавиле дека ја имаат посетено канцеларијата) Колку сте задоволни од одговорот што го добивте со вашата посета? (%)



Прашани за тоа на кој начин сметаат дека пратениците треба да ги информираат граѓаните за нивната работа, две третини од испитаниците (66%) сметаат дека тоа треба да биде преку средби со граѓани на јавни локации, додека 54% сметаат дека треба да бидат информирани преку јавни настапи. Медиумите, како оптимален канал за известување, се наведени од страна на 53% од граѓаните, додека 44% ги посочиле социјалните мрежи (Графикон 26). Преферирањето средби во пратенички канцеларии е намалено на 32%, што претставува најнизок процент во последните 3 години. Овие наоди укажуваат дека граѓаните имаат зголемена потреба од подиректна, видлива и проактивна комуникација од страна на пратениците, надвор од формалните институционални простори. Високата поддршка за средби на јавни локации сугерира дека се очекува поголема достапност и присутност „на терен", каде што комуникацијата е попристапна и помалку формална.

Графикон 26. На кој начин сметате дека вашите пратениците треба да ги информираат граѓаните за својата работа? (%)




Во 2022 година, Собранието воведе уште еден начин за контакт и вклучување на граѓаните преку активноста - Парламентарен караван. Со Парламентарниот караван, регионалните или локалните пратеници, заедно со дел од парламентарната служба, организираат настани во различни градови, на кои граѓаните можат директно да се сретнат со пратениците. Граѓаните беа прашани дали се запознаени со оваа активност и дали учествувале во неа. Наодите покажуваат дека и во 2026 година најголем дел од испитаниците, односно 71%, не се запознаени со Парламентарниот караван. Од друга страна, 19% изјавиле дека се запознаени со оваа иницијатива, но не учествувале, додека 10% кажале дека се запознаени и учествувале во активноста. Во споредба со 2025 година, се забележува мало зголемување и на информираноста и на учеството, што упатува на благо подобрување на видливоста на оваа иницијатива (Графикон 27).

Графикон 27. Дали сте запознаени со активноста Парламентарен караван, како начин за контакт и вклучување на граѓаните во работата на Собранието? (%)




Генералната перцепција на граѓаните е дека пратениците недоволно се осврнуваат на проблемите на општините и локалните заедници. Речиси половина од испитаниците (38%) одговорија дека нивната перцепција е оти не се случило пратеник од нивниот регион да покрене иницијатива во Собранието за локален проблем, додека 19% од испитаниците изјавија дека нивниот пратеник го сторил тоа. Овие резултати забележуваат слично ниво на перцепција кај граѓаните споредено со 2025 година, и благ пораст на процентот на граѓани кои се неутрални, односно немаат оформено мислење во однос на нивниот пратеник и процесот на покренување иницијатива за локален проблем во однос на минатите три години (Графикон 28).

Графикон 28. Дали пратеник од вашиот регион има преземено иницијатива во Собранието за прашање со кое се соочува вашата општина или заедница? (%)



Граѓаните беа прашани и дали се случило пратеник или пратеничка да покрене иницијатива во Собранието, или во своите јавни настапи да застапува прашање што е од нивен интерес. И кај ова прашање преовладува негативната перцепција: 51% од испитаниците во 2026 година одговориле дека не се случило такво нешто, додека 17% изјавиле дека се случило. Во споредба со 2025 година, уделот на потврдни одговори е благо намален, од 19% на 17%, додека процентот на негативни одговори е зголемен од 43% на 51%. Истовремено, 31% од испитаниците одговориле дека не знаат или немаат став по ова прашање. Овие резултати упатуваат на тоа дека кај мнозинството граѓани и натаму не постои перцепција дека пратениците активно покренуваат иницијативи или застапуваат прашања од нивен интерес (Графикон 29).

Графикон 29. Дали се случило пратеникот да покрене иницијатива во Собранието за прашање од ваш интерес или во своите јавни настапи да застапува прашање кое е од ваш интерес ? (%)




Над две третини од граѓаните изјавиле дека не се заинтересирани за работата на Собранието (71%), а уште повисок е процентот на граѓани кои не сакаат да се вклучат во неговите активности (89%). Да се биде информиран за работата на Собранието е попасивна и подостижна цел споредено со вклучувањето во неговата работа, што до одреден степен ја објаснува разликата во процентите кај двете прашања (Графикон 30).

Графикон 30. Дали имате интерес да се информирате и да се вклучите во работата на Собранието? (%)



На испитаниците им беа прочитани неколку механизми за тоа како можат да учествуваат во работата на Собранието. Од понудените опции, најголем процент од испитаниците беа информирани дека можат да постават прашање до пратениците (20%) или да побараат средба со пратеник (20%). Сепак, на мнозинството испитаници (61%), не им беа познати ниту еден од прочитаните и достапните механизми за учество во работата на Собранието. Споредбено со минатата година, трендот на избраните начини на учество е во суштина ист, меѓутоа процентот на граѓани кои одговориле дека не се запознаени е влошен, односно зголемен за пет процентни поени (Графикон 31).

Графикон 31. На каков начин сметате дека можете да учествувате во работата на Собранието? (%)



# VIII.

# КОГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО

# VIII. КОГО ПРЕТСТАВУВААТ ПРАТЕНИЦИТЕ ВО СОБРАНИЕТО

Вкупно 74% од испитаните граѓани сметаат дека пратениците во Собранието секогаш ги застапуваат своите лични интереси, додека 66% го посочиле интересот на потесниот круг на партиското раководство. Повеќе од половина (56%) од испитаниците ја избрале бизнис-заедницата како најзастапувана од пратениците, додека перцепцијата на само 9% од испитаниците е дека пратениците ги застапуваат интересите на сите граѓани, што претставува зголемување од 3% споредбено со минатата година. Ваквите одговори укажуваат на перцепција кај граѓаните дека застапувањето на јавниот интерес од страна на пратениците е релативно маргинализиран за сметка на други приоритетни интереси (Графикон 32).

Графикон 32. Колку често пратениците ги застапуваат следните интереси? (%)



Испитаниците беа прашани за тоа кои маргинализирани групи, според нив се најдобро застапувани во Собранието. Така, највисок процент од граѓаните ги посочиле лицата со посебни потреби (18%), по што следуваат корисниците на социјална помош (17%), возрасните лица (16%), и Ромите (15%). Помалку од 10% од граѓаните сметаат дека невработените лица (9%), самохраните родители (9%) жителите на рурални области (6%) и жените (5%) се најсоодветно застапени. Сепак, немањето став повторно преовладува како одговор, односно 37% не одговориле или се изјасниле дека не знаат, што претставува зголемување за 4% споредбено со минатата година. (Графикон 33).

Графикон 33. Кои од следните групи на граѓани сметате дека Собранието најдобро ги застапува? (%)




Перцепциите на граѓаните за тоа колку ефикасно Собранието ги зема предвид потребите и интересите на приватниот сектор се претежно концентрирани околу средината на скалата. Речиси половина од испитаниците (48%) дале оцена 3, што укажува на умерена оцена, односно перцепција дека оваа улога се исполнува делумно, но без поизразено задоволство. Повисоки оцени дале 25% од граѓаните, од кои 18% оцениле со 4, а 7% со 5, додека 27% дале пониски оцени, односно 9% оцена 1 и 18% оцена 2. Овие наоди упатуваат на тоа дека кај граѓаните не преовладува јасно негативна, но ниту изразено позитивна перцепција, туку претежно воздржан став за тоа колку Собранието ги препознава и вградува интересите на приватниот сектор во својата работа. (Графикон 34)

Графикон 34. На скала од 1 до 5, колку ефикасно сметате дека Собранието ги зема предвид потребите и интересите на приватниот сектор (бизнисите и компаниите)? (%)



# IX.

## СОБРАНИСКА ДЕБАТА

# IX. СОБРАНИСКА ДЕБАТА

Перцепцијата на речиси две третини од анкетираните граѓани (67%) е дека во парламентарните дебати владеачкото мнозинство главно или воопшто не ги зема предвид аргументите на опозицијата при носењето на одлуките, што претставува зголемување за 7% споредбено со минатата година. За 19% од испитаниците мнозинството главно ги зема предвид, додека 7% одговорија дека во дискусиите власта целосно ги зема предвид аргументите на опозицијата, што е подобрување за 1% од минатата година (Графикон 35).

Графикон 35. Пратениците од владејачкото мнозинство ги земаат предвид аргументите на пратениците од опозицијата при носењето на одлуките во Собранието? (%)




Перцепцијата за тоа колку опозицијата ги зема предвид аргументите на пратениците од владеачкото мнозинство е слична. Вкупно 71% од испитаниците сметаат дека опозицијата главно или воопшто не ги зема предвид овие аргументи, додека 19% оценуваат дека таа главно или целосно ги зема предвид. Во споредба со минатата година, се забележува влошена перцепција за соработката меѓу пратеничките групи (Графикон 36).

Овие наоди укажуваат на доминантна перцепција на конфронтација, а не соработка меѓу пратениците од власта и опозицијата, што го нарушува очекувањето за конструктивен парламентарен дијалог. Ниските проценти на позитивни одговори покажуваат дека граѓаните и понатаму имаат ограничена доверба во меѓупартиската комуникација како основа за квалитетно носење одлуки.

Графикон 36. Пратениците од опозицијата ги земаат предвид аргументите на пратениците од мнозинството при носењето на одлуките во Собранието? (%)




Мнозинството граѓани (55%) сметаат дека постои желба кај партиите за компромис во интерес на граѓаните, но дека тоа ретко се случува. Само 7% одговориле дека до таков компромис партиите доаѓаат често, додека 38% сметаат дека тоа никогаш не е случај. Во однос на етничката припадност, најизразен песимизам е забележан кај етничките Македонци, од кои 41% одговориле дека партиите никогаш немаат слух за компромис. Наспроти тоа, кај етничките Албанци е најнизок уделот на испитаници со ваков став, односно 25%, што упатува на поумерена перцепција во однос на можноста за меѓупартиски компромис (Графикон 37).

Графикон 37. Дали сметате дека партиите се спремни да прават меѓусебен компромис, се со цел да се најде заедничко решени кое е од јавен интерес, односно од интерес на граѓаните? (%)



Повеќе од две третини од анкетираните граѓани (64%) имаат впечаток дека пратениците на седниците често или секогаш користат говор со кој ги омаловажуваат и деградираат своите политички противници врз основа на нивната политичка, етничка, верска или родова припадност. Од вкупниот број испитаници, 49% сметаат дека пратениците тоа го прават често, додека 15% оценуваат дека таквиот говор се користи секогаш. Од друга страна, 26% од граѓаните велат дека пратениците ретко или никогаш не користат ваков говор. Во споредба со 2025 година, се забележува благо зголемување кај уделот на испитаници кои сметаат дека пратениците секогаш употребуваат омаловажувачки и деградирачки речник, но вкупната перцепција за ова прашање останува речиси непроменета. И покрај одредени флуктуации низ годините, кај граѓаните континуирано преовладува впечатокот дека во собраниските дебати често се користи говор што ги омаловажува политичките противници (Графикон 38).

Графикон 38. Според вас колку често пратениците употребуваат говор на омраза или дискриминирачки говор во своите излагања? (%)



# X.

## РЕФОРМИ

# X. РЕФОРМИ

Речиси половина од испитаниците (57%) сметаат дека е важно во Собранието да се формираат повеќепартиски групи во кои пратеници од различни партии ќе се обединат околу исти прашања, што претставува зголемување од 8% во споредба со 2025 година. Од друга страна, 24% од испитаниците не се согласуваат со тоа. Имајќи ги предвид резултатите во однос на ова прашање од минатите години, се забележува благ раст на поддршката на граѓаните за повеќепартиски групи, за разлика од минатите години кога резултатите покажуваа континуиран пад (Графикон 39).

Графикон 39. Дали сметате дека е важно во Собранието да се формираат повеќе тематски партиски групи во кои пратеници од различни партии ќе се обединат околу исти прашања? (%)




Граѓаните кои изјавиле дека е важно во Собранието да се формираат повеќепартиски групи, беа дополнително прашани и за тоа за кои прашања е битно да се формираат вакви групи. Така, 58% од испитаниците сметаат дека такви групи треба да се формираат за прашања поврзани со младите, додека 57% сметаат дека треба да се формираат за прашања околу појавите на корупција во државата. Прашањата за невработените лица и лицата со попреченост се посочени од страна на 56% од испитаниците, додека 54% сметаат дека такви групи треба да се формираат за потребите на самохраните родители. Висок процент на испитаници ја посочиле потребата од заштита на животната средина (47%), што не било случај минатите години. Најниско на листата во однос на процентите, со помалку од една четвртина од испитаниците се посочени Ромите ( 22%) и само ЛГБТ+ заедницата (3%) и жртвите на насилтво (0.4%; Графикон 40).

Графикон 40. За кои прашања сметате дека е важно да се формираат вакви групи (%)



# XI.

## СРЕДНА ОЦЕНКА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

# XI. СРЕДНА ОЦЕНКА ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

Испитаниците на скала од 1 до 5, каде што 1 е најлошо, а 5 најдобро, ја оценија работата на Собранието со средна оцена од 2.7. Во споредба со 2025 година работата на Собранието била оценета со средна оцена 2.5, може да се забележи пораст од 0.2 поени. Оцената за работата на Собранието флуктуира низ годините, со тоа што последните 3 години забележан е континуиран раст. Највисоката средна оцена во последните 15 години, од 3.4, Собранието ја добива во 2017 година (Графикон 41). Иако вкупната оцена за работата на Собранието останува релативно ниска, се забележува постепено подобрување на перцепцијата во последните три години, што укажува на мала, но стабилна тенденција кон зголемување на задоволството кај граѓаните. Овој тренд е охрабрувачки, но и понатаму покажува дека Собранието има значителен простор за унапредување на својата работа и отчетноста кон јавноста.

Графикон 41. Средна оценка за работата на Собранието (на скала од 1 - најслабо до 5 - најдобро)



# XII.

# ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

# XII. ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ

Испитаниците беа прашани во која насока сметаат дека се движи животот во Северна Македонија. Околу половина од испитаниците (51%) сметаат дека животот во државата се движи во погрешна насока, додека повеќе од една четвртина од испитаниците (28%) сметаат дека животот се движи во правилна насока. Споредено со 2025 година, се забележува маргинална промена во перцепцијата на граѓаните на оваа тема, односно 1% повеќе од минатата година сметаат дека државата се движи во правилна насока, додека 3% помалку сметаат дека се движи во погрешна. Перцепцијата од оваа година има најголема сличност со перцепцијата на минатата година (Графикон 42). Овие резултати укажуваат на благо оптимистичко поместување во јавната перцепција за насоката на општествениот развој, но истовремено потврдуваат дека незадоволството и чувството на несигурност остануваат доминантни кај мнозинството граѓани.

Графикон 42. Дали сметате дека општо животот во Северна Македонија се движи во: (%)




Во однос на довербата на граѓаните во јавните институции, во 2026 година не се забележуваат поголеми промени во споредба со претходната година, туку претежно стабилност со помали поместувања кај одделни институции. Верските заедници и војската и натаму се институциите во кои граѓаните имаат највисока доверба, иако кај двете се забележува благ пад во споредба со 2025 година, односно од 6.3 на 5.9 кај верските заедници и од 6.1 на 6.0 кај војската. Потоа следуваат медиумите и полицијата, со средна оцена од 5.3, при што довербата во медиумите бележи благ раст, додека кај полицијата останува непроменета.

Довербата во Собранието во 2026 година изнесува 4.8, што претставува мало подобрување во однос на 4.6 во 2025 година. Истовремено, довербата во Владата и Претседателот останува непроменета, со средна оцена од 4.7, односно 4.9. Благо зголемување бележат и јавната администрација, од 4.6 на 4.9, здравствените институции, од 4.4 на 5.0, како и невладините организации, од 4.6 на 5.0. Раст, иако умерен, има и кај судството и јавното обвинителство, кои во 2026 година се оценети со 3.5 и 3.6.

Од друга страна, довербата во локалната власт бележи мал пад, од 5.1 на 5.0, додека довербата во политичките партии останува непроменета, со оцена 4.0. Генерално, наодите упатуваат на релативно стабилна распределба на довербата, при што највисока доверба и натаму има во институции што не се директно поврзани со дневнополитичката арена, додека институциите на правосудниот систем и понатаму се меѓу најниско оценетите, иако и кај нив се забележува благо подобрување (Графикон 43).

Графикон 43. На скала од 1 – најниска до 10 – највисока, оценете ја вашата доверба во следниве институции (%)



Граѓаните кои својата доверба во Собранието ја оцениле со средна оцена 4 или пониско, на скала од 1 – најниско до 10 – највисоко, беа прашани за главните причини поради кои го имаат овој релативно низок степен на доверба во Собранието. Најчесто посочени причини се перцепцијата дека пратениците не работат совесно и професионално, што го навеле 29% од испитаниците, како и ставот дека не работат во интерес на граѓаните и државата, посочен од 27%. Потоа следуваат корумпираноста, со 19%, и носењето лоши закони, односно закони што се доживуваат како водени од лични интереси, со 15%. Помал дел од испитаниците како причина го посочуваат и неисполнувањето на ветувањата, погрешните политики, партизацијата, како и отсуството на одговорност (Графикон 44). Овие одговори упатуваат на тоа дека ниската доверба во Собранието пред сè е поврзана со перцепции за недоволна професионалност, недостиг на јавен интерес во одлучувањето и пошироки проблеми поврзани со интегритетот и квалитетот на законодавната работа.

Графикон 44. (Граѓаните кои ја оцениле довербата во Собранието со оценка 4 или пониско, на скала од 1 – најниска до 10 – највисока) Според Вас, кои се главните причини поради кои имате пониска доверба во работата на Собранието? (%)



Истата група граѓани, односно оние што довербата во Собранието ја оцениле со оцена 4 или пониско на скала од 1 до 10, беа прашани и што пратениците треба да подобрат во својата работа за да се зголеми нивната доверба во Собранието. Најчесто, тие посочуваат дека пратениците треба да работат во интерес на граѓаните и државата (37%), како и да бидат чесни, одговорни, принципиелни и стручни (27%). Потоа следуваат барањата за носење поквалитетни закони во интерес на граѓаните (12%), поголема транспарентност и отчетност пред јавноста (11%) и поодлучна борба против корупцијата и криминалот (11%). Овие одговори покажуваат дека ниската доверба во Собранието е тесно поврзана со очекувањата за поголема одговорност, интегритет, транспарентност и појасна ориентација кон јавниот интерес во работата на пратениците (Графикон 45).

Графикон 45. (Граѓаните што ја оцениле довербата во Собранието со оцена 4 или пониско, на скала од 1 – најниска до 10 – највисока) Според Вас, кои се главните причини поради кои имате пониска доверба во работата на Собранието (%) (најчесто спомнувани)?




Испитаниците беа прашани како се промени позицијата на партиите во опозицијата во Собранието, односно дали се зајакнала или ослабела. Речиси половина од испитаниците (44%) одговориле дека останала речиси иста, додека 45% одговориле дека делумно или целосно ослабела. Само 11% сметаат дека опозицијата целосно или делумно е зајакната. Овој наод укажува дека граѓаните доминантно ги перцепираат пратеничките групи од опозицијата како слаби, со недоволна моќ да дејствуваат. (Графикон 46)

Графикон 46. Во споредба со периодот пред една година, како според вас се промени позицијата на партиите во опозиција во Собранието? (%)




На прашањето кој ќе има клучна улога во поставувањето на законодавната агенда во Собранието следната година, 44% од испитаниците ја посочуваат владеачката коалиција како потенцијално највлијателен актер. Речиси една четвртина (21%) сметаат дека значајно влијание би имале надворешни актери, како ЕУ и САД, додека 17% ја посочуваат извршната власт. Помал дел од испитаниците (12%) веруваат дека поединечни пратеници играат клучна улога, а само 7% ја препознаваат опозицијата како највлијателен фактор во креирањето на законодавната агенда. (Графикон 47).

Графикон 47. Гледајќи напред во наредните 12 месеци, кој според вас ќе ја има клучната улога во поставувањето на законодавната агенда во Собранието? (%)



На прашањето каква е природата на поддршката што Собранието ја дава во процесот на отклочување на евроинтеграциите, мислењата на испитаниците се поделени. Најголем дел од нив, односно 31%, сметаат дека Собранието не дава значајна поддршка во овој процес, додека 21% изјавиле дека не знаат или не располагаат со доволно информации. Меѓу оние што препознаваат поконкретна улога на Собранието, 28% сметаат дека таа најмногу се остварува преку законодавните активности, 27% преку парламентарната дипломатија, а 22% преку парламентарниот надзор над Владата (Графикон 48).

Графикон 48. Собранието дава поддршка во процесот на отклочување на процесот на европска интеграција преку: (%)




Овие наоди укажуваат на ниско ниво на јасна и конзистентна перцепција за улогата на Собранието во евроинтеграциите. Високиот процент на испитаници што сметаат дека нема значајна поддршка, заедно со оние кои немаат доволно информации, може да упатува на недоволна видливост и комуникација на парламентарните активности поврзани со овој процес. Воедно, распределбата на одговорите кај останатите испитаници сугерира дека не постои доминантен наратив за тоа преку кои механизми Собранието придонесува, што може да значи дека неговата улога се перципира како фрагментирана или недоволно артикулирана во јавниот дискурс.

Во однос на прашањата поврзани со националната безбедност, испитаниците оваа година за првпат беа прашани за степенот на усогласеност меѓу пратениците. Резултатите покажуваат дека најголем дел од граѓаните, 40%, сметаат дека постои умерена усогласеност, додека 45% оценуваат дека пратениците се слабо или воопшто не се усогласени по однос на клучните приоритети на националната безбедност. Само 15% од испитаниците сметаат дека пратениците се во голема мера или целосно усогласени за овие прашања (Графикон 49).

Графикон 49. Во колкава мера се усогласени пратениците во однос на клучните приоритети на националната безбедност? (%)




На прашањето како ја оценуваат способноста на Собранието да одговори на предизвици поврзани со националната безбедност, најголем дел од испитаниците, 39%, дале средна оцена, односно ја оцениле како задоволителна. Сепак, 48% од граѓаните сметаат дека способноста на Собранието е слаба или многу слаба, додека само 14% ја оцениле како силна или многу силна (Графикон 50).

Графикон 50. Како ја оценувате способноста на Собранието да одговори на предизвиците поврзани со националната безбедност? (%)




Овие наоди упатуваат на претежно воздржана, но сепак повеќе критична отколку позитивна перцепција за подготвеноста на Собранието да одговори на прашања од националната безбедност. Иако кај значителен дел од граѓаните преовладува ставот дека постои барем одредено ниво на усогласеност меѓу пратениците, повисокиот удел на испитаници кои гледаат слаба усогласеност и ограничена институционална способност сугерира резервираност во однос на ефикасноста на парламентарниот одговор во услови на безбедносни предизвици.

# XIII. ДЕМОГРАФСКА ДИСТРИБУЦИЈА НА АНКЕТНИТЕ ИСПИТАНИЦИ

| | | Апсолутен број | Процент |
|---|---|---|---|
| Пол | Машко | 494 | 49.3% |
| | Женско | 508 | 50.7% |
| | Друго | 0 | 0% |
| Вкупно | | 1002 | 100.0% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст | Под 18 | 0 | 0.0% |
| | 18-29 | 209 | 20.9% |
| | 30-39 | 190 | 19.0% |
| | 40-49 | 214 | 21.4% |
| | 50-59 | 161 | 16.1% |
| | 60+ | 228 | 22.8% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Место на живеење | Урбано | 580 | 57.9% |
| | Рурално | 422 | 42.1% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Возраст | Вардарски Регион | 76 | 7.6% |
| | Источен Регион | 88 | 8.8% |
| | Југозападен Регион | 103 | 10.3% |
| | Југоисточен Регион | 88 | 8.8% |
| | Пелагониски Регион | 124 | 12.4% |
| | Полошки Регион | 140 | 14.0% |
| | Североисточен Регион | 83 | 8.3% |
| | Скопски Регион | 300 | 29.9% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Етничка припадност | Македонска | 657 | 65.6% |
| | Албанска | 254 | 25.3% |
| | Друга | 91 | 9.1% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Економски статус | Формално вработен/а во државен сектор со полно работно време | 215 | 21.5% |
| | Формално вработен/а во државен сектор со помалку од скратено | 12 | 1.2% |
| | Формално вработен/а во приватен сектор со полно работно време | 302 | 30.1% |
| | Формално вработен/а во приватен сектор со помалку од 30 часа | 18 | 1.8% |
| | Самовработен/а (работи во сопствена фирма или продавница) | 36 | 3.6% |
| | Неформален ангажман што носи редовни приходи | 18 | 1.8% |
| | Неформален ангажман што носи приходи повремено | 27 | 2.7% |
| | Студент/ка | 88 | 8.8% |
| | Пензионер/ка | 175 | 17.5% |
| | Лице со инвалидитет кое не може да работи | 9 | 0.9% |
| | Нема работа и не барал/а во последните 30 дена | 43 | 4.3% |
| | Нема работа и активно следи огласи за работа и бара работа | 45 | 4.5% |
| | Не сака да одговори | 14 | 1.4% |

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ

Швајцарската Програма за парламентарна поддршка (ППП) ќе ги поддржи напорите на Собранието на Република Северна Македонија за независност преку градење консензус, структурни реформи и градење на капацитетите во институционалниот развој на Собранието; во неговите законодавни и надзорни улоги и во неговата институционална транспарентност и отчетност. ПСП се спроведува од страна на Националниот демократски институт, Институтот за демократија „Социетас цивилис" - Скопје и Центарот за управување со промени, за поддршка на стратешкото планирање на Собранието; за реформи во управувањето со човечките ресурси; за подобрена процена на влијанието на регулативата и процесите за набавка; за посветеност кон отворени податоци и преку мерењето на јавното мислење и следењето на напорите за реформи, вклучително и за поголемо граѓанско ангажирање во процесите за креирање политики.

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ИДСЦС

Институтот за демократија „Социетас цивилис“ Скопје (ИДСЦС) е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. Мисијата на Институтот за демократија е да помогне во граѓанската вклученост во носењето одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, Институт за демократија придонесува за соживот помеѓу различностите.

ИДСЦС, од јуни 2014 година, го следи квалитетот на дебатата во Собранието и медиумското известување за работата на Собранието. Набљудувањето во првиот циклус се одвиваше во текот на 10 месеци, односно од јуни 2014 до мај 2015 година. Од септември 2015 година следуваше вториот период на набљудувањето и оценувањето на квалитетот на парламентарната дебата и на медиумското известување, поддржано од Швајцарската агенција за развој и соработка, кој траеше до декември 2017 година. Третиот период на набљудување на квалитетот на дебатата почна во јануари 2018 година и траеше до декември 2019 година. **Од јануари 2020 година, Институтот за демократија ја набљудува работата на Собранието и квалитетот на дебатата во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП).**

**Контакт податоци за ИДСЦС**

Адреса: ул. Мирослав Крлежа бр. 52/1 /2,
1000 Скопје
Тел. бр./факс: +389 2 3094 760 ,
Е-пошта: contact@idscs.org.mk

# ИНФОРМАЦИИ ЗА НДИ

Од своето основање во 1983 година, Националниот демократски институт (НДИ) работи на зајакнување на демократијата и поддршката на инклузивното политичко учество низ целиот свет. Институтот е активен во Северна Македонија од 1993 година, соработувајќи со граѓаните, граѓанското општество, политичките партии, медиумите и институциите за градење на потранспарентни, одговорни и отпорни демократски практики. Денес, НДИ ја спроведува Програмата за парламентарна поддршка и иницијативите „Заедници со интегритет“, поддржани од Владите на Швајцарија и Шведска, со цел да се унапреди посилно демократско управување и интегритет на национално и локално ниво.

**Контакт податоци за НДИ**

Адреса: ул. Лазар Личеноски 13, 3 кат, 1000 Скопје
Е-пошта: ndimacedonia@ndi.org